Родино моја ти земјо мила
Најмила земја на овај свет
Во тебе растам развивам крила
Ко крилест орел во вишен лет.

На школо учам букви да пишам
името твое да го напишам
азбука родо ти ни подари
половина Европа ти благодари.

Апостол Павле за христовите дела
посетил твои градови и села
во Филипи град Лидија смела
е покрстил прва во христовата вера.

Си газена родо од разни сили
оставиле тие потомства гнили
се борат сега името твое да ти го снема
Европа пред нив е глува и нема.

Името твое вечно ќе стои
додека сонцето сите не грее
Илинден   свечано се слави
името твое тој ти го брани.

*Томе Велјановски - Марулецо - Гетеборг, Шведска*